**ДОГОВОР**
**За мегусебна соработка**
**склучен на 19.01.2007 помеѓу**

1. **Д.Г.Т." Жикол"–ДООЕЛ- Струмица**, ул. Антон Панов бб, п.фах 122, Струмица, со претставништво во Скопје на ул. Никола Тримпаре бр. 8, Скопје, како нарачател на услугите застапуван од директор Живко Пандев, и

2. Друштво за трговија и услуги **МСС - Мобилен санитарен сервис-ДООЕЛ** Скопје ул. Жданец бр.19 б, како извршител на услугите застапуван од Управител Соња Крстиќ.

**Член 1**

Предмет на договорот е поставување и одржување-чистење на преносни тоалетни кабини на локациите кои ги одреди нарачателот на услугите за неодреден период.

**Член 2**

**Д.Г.Т." Жикол"** е согласно да на ДТУ **МСС-Мобилен санитарен сервис ДООЕЛ Скопје**, им дозволи-определи простор-локации за тоалетните кабини и обезбеди слободен пристап до тоалетните кабиня за непречено сервисирање-одржување со специјалното сервисно возило за намената.

**Член 3**

**Д.Г.Т." Жикол"** како нарачател на услугата се обврзува да исплати износ од 494,00 денари за секој извршен сервис од една тоалетна кабина и износ од 61,7 денари за дневното изнајмување од една тоалетна кабина. Износот во целост вирмански да се исплати по доставувањето на фактурата за извршена услуга од страна на ДТУ **МСС-Мобилен санитарен сервис ДООЕЛ Скопје,** до наведениот рок на плаќање во фактурата, (ДДВ 18 % не е вклучено во горе наведениот износ).

**Член 4**

**Д.Г.Т." Жикол"** како нарачател се обврзува по истекувањето на договорот да ги врати преносните тоалетни кабини во состојбата во која им се предадени. Доколку настане механичко оштетување на преносните тоалетни кабини трошковите за нивно санирање ќе ги сноси нарачателот.

**Член 5**

За секое недоразбирање, промена или рекламација за услугата **Д.Г.Т." Жикол"** се обврзува со писмено известување да го извести ДТУ МСС-мобилен санитарен сервис не подолго од 2(два) дена од настанатиот проблем или одлука. Двете договорни страни во интерес за продолжување на соработката се согласни да изнајдат решение во рок од 15(петнаесет) дена, а доколку не се постигне истото, двете страни го имаат правото на раскинување на договорот во рок од 15(десет) дена од денот на писменото известување за раскинување на договорот.

**Член 6**

За секоја измена на овој договор, ќе се издефинира со анекс договор.

Договорот е склучен во четири еднакви примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Член 7**

Во случај на спор, надлежен е основниот Суд Скопје 1-Скопје.

| | |
|---|---|
| **Д.Г.Т." ЖИКОЛ" ДООЕЛ** | **ДТУ МСС-Скопје** |
| **Управител** | **Управител** |
| **ЖИВКО ПАНДЕВ** | **СОЊА КРСТИЌ** |